Црвен крст на Република Македонија



# Го подобруваме животот, промовираме хумана акција

Хуманост-Непристрасност-Независност-Неутралност-Доброволна служба-Единство-Универзалност

# 2013

# ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**138 вработени лица**

**Централна канцеларија на ЦКРМ / Црвен крст на град Скопје / 34 Општински организации на Црвен крст**

**3.437 Активни волонтери**

**7.837 регистрирани членови**

**17 март 1945 година**
Ден на основање на
Црвен крст на Република Македонија

**21 мај1992 година**
Ден на осамостојување на
Црвен крст на Република Македонија

**01 Ноември 1995 година**
Признавање на ЦКРМ од Меѓународен комитет
на Црвен Крст

**27 Ноември 1995 година**
Рамноправен член во Меѓународната Федерација



# СТРАТЕШКИТЕ ОПРЕДЕЛБИ НА ЦКРМ

Работата на националното друштво е дефинирана со десетгодишна долгорочна развојна Стратегија 2020 како и петгодишни стратешки програмски развојни планови.



# СЕРТИФИКАТ ЗА КВАЛИТЕТ

Црвениот крст на РМ е првото национално друштво во светот кое има сертификат за силно национално друштво и ги исполнува сите стандарди и норми за квалитет во својата работа.



# ПРОЦЕНА И АНАЛИЗА НА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЦРВЕН КРСТ

Секои 3 години националното друштво спроведува процена и анализа на работата на општинските организации на Црвен крст со цел да се одмери напредокот, да се детектираат предизвиците и да се утврдат мерки за поттикнување на развојни активности во националното друштво.



# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

Националното друштво изготвува тријазични годишни програми за работа и извештаи за унапредување на транспарентноста и отчетноста пред партнери, донатори и пошироката јавност.



# ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИИ

- Трijазична интернет страна на македонски, албански и англиски јазик.

- Националното друштво изработува електронски весник кој се доставува на 70.000 електронски адреси секоја недела.



# МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

Партнерски состанок - годишна средба со партнери за презентирање на проектни иницијативи на Црвен крст на РМ.

Соработка и заеднички иницијативи со корпоративниот сектор.

## 2013 година

**Обезбедена поддршка на проектни и програмски активности од 14 компании 81.150 евра**

→

**Поддршка и помош – 14000 корисници на услуги**

## Доделени признанија во 2013 година

„Златен медал" (г.дин Живко Мукаетов –Алкалоид)
„Бронзен поддржувач" (Алфа Банка, Сава Осигурување, Пивара АД Скопје, Македонски телеком)





# МЕНАЏМЕНТ СО ВОЛОНТЕРИ

Доделена национална награда во категоријата ВОЛОНТЕР НА ГОДИНАТА ЗА 2013 ГОДИНА од страна на Националниот совет за развој на волонтерството и Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија

- Добитник Ален Осман – волонтер на Општинска организација на Црвен крст Карпош.

Добитници на признанија и благодарници на Црвениот крст на РМ за 2013 година:

За посебни заслуги во остварувањето на целите и задачите на Црвен крст на Република Македонија, големиот придонес, креативност и проактивност во реализација на активностите за помош на различни целни групи и видливи резултати:

- Клубот на млади на Општинска организација на Црвен крст Велес;
- Општинска организација на Црвен крст Охрид;
- Волонтерите од Клубот на стари лица на Општинска организација на Црвен крст Крива Паланка.

За посебен индивидуален волонтерски активитет и придонес за унапредување на капацитетите на организацијата во определена област:

- Љупчо Милковски - дисеминатор, едукатор за Меѓународно хуманитарно право и ЦКА-ПХВ инструктор;
- Ѕвонко Секуловски - меѓународен инструктор за спасување на вода.

# МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РМ

Преку клубовите на млади во секоја Општинска организација на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, тие волонтираат за позитивни промени во заедниците и поддршка на ранливите групи на население.

За зајакнување на капацитетите на младите волонтери традиционално се одржува летен младински камп „100% Црвен крст".

Младите на Црвениот крст активно соработуваат со други организации кои работат за и со млади, а во 2013 година станаа член и на Националниот младински совет на Македонија.



# ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА -ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

Алатка за промовирање на практична примена на основните принципи

## 2013 година

- Вклучени 1247 младинци и 45 дисеминатори од сите Општински организации на Црвен крст во РМ;
- Изработени 202 мали ЦКА- ПХВ проекти за добробит на заедницата;
- НЕДЕЛА НА ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ - 29 ПХВ настани.

**Хуманитарна едукација**

ЦКА-ПХВ е вклучен во официјалната листа на Меѓународната Федерација како дел од образовната платформа.





# МЕЃУНАРОДНО ХУМАНИТАРНО ПРАВО




Имплементација на активности за промовирање на меѓународното хуманитарно право (МХП) како сегмент од меѓународното право кое ги обединува меѓународно-правните инструменти кои се применуваат во случаи на вооружени конфликти со цел лимитирање на последиците од истите.

# ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ И КРИЗНИ СОСТОЈБИ



- Справување со последици од поплави во регионите на: Куманово, Штип, Свети Николе, Струмица, Валандово;
- Обезбедена хуманитарна помош за 1321 семејство/ 5284 корисници;
- Активности за намалување на ризици од катастрофи;
- Изработени процени од ризици од катастрофи за региони Валандово и Дебар (Центар Жупа) Опфатени 7 училишта;
- Безбедност на вода;
- Обучени 90 спасители – ангажирани 75 спасители;
- Адаптација кон климатски промени;
- Инкорпорирање на Форумот на ЈИЕ за адаптација кон климатските промени во рамките на Стратегијата 2020 на Југоисточна Европа.

### *Служба за барање*

- Воспоставување на семејни врски.

## *Безбедност на вода*

### Центар за безбедност на вода Охрид

Сезона за капење (01.07.2013 – 31.08.2013)

- Вкупно опфатени 27 капалишта на Охридско и Дојранско Езеро;
- Ангажирани 45 помлади спасители и спасители на вода;
- Интервенирано во 519 случаи (во и надвор од водениот дел), од кои 32 успешни интервенции на активни давеници.

### Центар за безбедност на вода Скопје

Ангажирани повеќе од 30 волонтери на територија на Скопје, кои се грижат за безбедноста на капачите во градскиот АКВА ПАРК и други базени.



## *Безбедност на планина*

Спасителна станица Средно Водно

- 98 дежурства во 2013 година;
- повеќе од 200 интервенции;
- 44 лица со посериозни повреди, кои се транспортирани до Ургентен Центар;
- вклучени 17 обучени волонтери.

Единица за спасување на планина и непристапни терени при Општинска организација на Црвен крст Охрид.

- Составена од повеќе од 30 искусни алпинисти и планинари.

# СОЦИЈАЛНО-ХУМАНИТАРНИ АКТИВНОСТИ

- Традиционални активности (4626 стари лица);
- Дневен центар за стари лица (Скопје 90лица);
- Клубови на пензионери (над 70 лица во К.Паланка и Неготино);
- Мобилни тимови за поддршка на стари лица во домашни услови (300 лица опфатени во Скопје, Крива Паланка, Велес, Кичево и Дебар);
- Активно стареење преку адвокативност (Скопје, Крива Паланка и Велес).



- Активности за поддршка на деца и млади со посебни потреби;
- Психо-социјални активности (320 деца од дневните центри и деца во згрижувачки семејства - 7 Општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје);
- Борба против трговија со луѓе;
- Врсничка едукација на млади (11 Општински организации на Црвен крст – 2792 млади лица);
- Превенција од сексуална злоупотреба на деца и педофилија;
- Кампања за превентивни активности со наставници и родители (22 Општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје);
- Заеднички развој на заедниците;
- Отворен центар за поддршка на млади во Шуто Оризари, Скопје;
- Пункт за бездомници – 100 лица- Скопје;
- Поддршка за баратели на азил – 1100 лица.



# ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ





## КРВОДАРИТЕЛСТВО

- Обезбедени 55.871 единица крв (планирани 55.000 единици);
- Обучени 20 мотиватори за доброволно крводарителство;
- Отворен Дневен Центар за крводарување во Скопје.

## ПРВА ПОМОШ

- 849 курсеви за прва помош на патишта (обучени 12.138 лица);
- 127 курсеви за прва помош во работни организации (обучени 747 лица);
- Освежителни курсеви за демонстратори и едукатори по прва помош – опфатени 119 лица;
- Обучени 490 припадници на гранична полиција;
- 24 екипи на Државен натпревар по прва помош.

## ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА И ПРОМОЦИЈА

Општа популација, различни ризични целни групи.

ХИВ и ТБ – подржани од Глобал фонд.

Намалување на штети од droги
Опфатени 274 корисници.
Обезбедени околу 6000 социјални, медицински, правни услуги, психолошки и доверливи советувања и тестирања.

ДОТС интервенции во РМ.
Подготвен 1 локален акционен план.
Едуцирани 2796 лица.



# WWW.REDCROSS.ORG.MK

www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija

YouTube www.youtube.com/MacedonianRedCross